РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 16-5334/3
18.05 20 18 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.44/02, 58/00, 82/08, 167/10 и 51/11), а согласно членовите 18, 53 став 2 и 62 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16). Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност

1. Со ова Решение се утврдува дека **приватен научен институт „Академија за естетска стоматологија"** со седиште во Скопје на ул. „Владимир Комаров" бр.18А, лок.9, Аеродром, ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност.

2. Приватен научен институт „Академија за естетска стоматологија" од точката 1 од ова Решение **СЕ ЗАПИШУВА** во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност што го води Министерството за образование и наука како **приватна научна установа** под регистарски број **60.**

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување

## Образложение

Приватен научен институт „Академија за естетска стоматологија" со седиште во Скопје до Министерството за образование и наука поднесе барање бр.16-5334/1 од 24.04.2018 година за запишување на горенаведениот институтот во Регистарот на субјекти кои вршат научно-истражувачка дејност.

Комисијата формирана од министерот за образование и наука со Решение бр.15-11193/1 од 04.07.2014 година за утврдување на исполнетост на условите за вршење на научно-истражувачка дејност која по извршениот увид на документацијата и другите акти и на исполнетост на условите во Институтот, на Министерството надлежено за работите на науката поднесе извештај бр.16-5334/2 од 17.05.2018 година со кој се констатира дека приватен научен институт „Академија за естетска стоматологија" ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност, согласно членовите 18 и 53 став 3 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16).

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

МИНИСТЕР,
Рената Дескоска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 4 СКОПЈЕ

Изготвил: Рамиз Сулејмани
Одобрил: Бардул Тушu